**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Весна Дончева, претседател на советот, Александар Цацков, Лидија Рибарева, Илир Сулејмани и Ацо Колевски, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против ЗХЗ, нотар од С., по одржаната расправа согласно член 25 и 29 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, во присуство на нотарот, на ден 31.3.2021 година, го донесе следното

# **Р Е Ш Е Н И Е**

1.Нотарот З.Х.З.од С., **се ослободува** од одговорност дека сторил дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, поради тоа што на ден 6.3.2020 година, под УЗП бр.2482/2020, заверил потписи на Анекс број 1 на Договорот за регулирање на должничко - доверителските односи, склучен на ден 6.3.2020г. помеѓу Друштво за производство, трговија и услуги ДД П, како инвеститор и Друштвото за градежништво, архитектура, трговија и протизводство С. Ф.ДООЕЛ увоз - извоз Г., како изведувач, кој Договор за регулирање на должничко-доверителските односи со спогодба за раскинување на договорните односи, со својство на извршна исправа нотарот го солемнизирал на ден 10.12.2019 година, под ОДУ бр.2412/19, и на кој со штембил за извршност, констатирал дека нотарската исправа е извршна на ден 26.2.2020 година, па таквото постапување да не е во согласност со членот 3 став 3), членот 30 став (2) и членот 42 став (3) од Законот за нотаријатот.

2.Нотарот З.Х.З. од С., **се ослободува** од одговорност дека сторил дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја 12) од Законот за нотаријатот, поради тоа што на ден 6.3.2020 г., под УЗП бр.2481/2020, заверил Преддоговор за купопродажба на недвижен имот, и истиот не го прибележил во листот за прибележување во Агенцијата за катастар на недвижности, иако во Преддоговорот е наведено дека двете договорни страни се согласни овој Договор да се прибележи во листот на прибележување, па таквото постапување да не е во согласност со членот 3 став 3) од Законот за нотаријатот, и членот 173 став (2) алинеја 5) од Законот за катастар на недвижности.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка доставен до Дисциплинскиот совет на Нотарската Комора на РСМ, од страна на Министерство за правда, УПП бр. 09-267 од 22.12.2020 година, се укажува дека именуваниот нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на решението, сторил дисциплински повреди по член 140 став (1) алинеја 1) и 12) од Законот за нотаријатот, со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на дисциплинската постапка именуваниот нотар во својата одбрана изнесена писмено со поднесокот од 26.2.2021 година, и усмено на расправата, во врска со точка 1) од диспозитивот појасни дека потврдата на извршност на Договорот за регулирање на должничко-доверителските односи со спогодба за раскинување на договорните односи, склучен на ден 5.12.2019 година, а потврден со нотарската исправа ОДУ бр.2412/2019 од 10.12.2019 година, е ставена во согласност со Законот за нотаријатот, а врз основа на писмено барање и изјава на учесникот СФД – Г. од 21.2.2020 година, дадена под морална,

кривична и материјална одговорност за доспеалост на ненаплатено парично побарување, на која е заверен потписот под УЗП бр.1234/2020 од 26.2.2020 година. Во однос на точка 2) од предлогот Комисијата за надзор нема утврдена целосна фактичка состојба бидејќи уписот на прибелешката на Преддоговорот за купопродажба, на кој се заверени потписите под УЗП бр. 1481/20, е извршена на ден 24.4.2020 година, откако на таа дата учесникот Д. Д - П ги подмирил трошоците према Агенцијата за катастар на недвижности.

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка и одбраната на нотарот, како и врз основа на извршениот увид во предметите ОДУ бр.2412/20, УЗП бр.2481/20, УЗП 2482/20 и писмена изјава од 24.2.2021 година, Дисцплинскиот совет го утврди следното :

Нотарот при вршењето на нотарската служба на ден 6.3.2020г., под УЗП бр.2482/2020, заверил потписи на Анекс број 1 на Договорот за регулирање на должничко-доверителките односи, склучен на ден 6.3.2020 година помеѓу Друштво за производство, трговија и услуги Д увоз-извоз ДООЕЛ П, како инвеститор и Друштвото за градежништво, архитектура, трговија и производство СФД увоз - извоз Гевгелија, како изведувач, кој Договор за регулирање на должничко-доверителските односи со спогодба за раскинување на договорните односи, со својство на извршна исправа нотарот го солемнизирал на ден 10.12.2019 година, под ОДУ бр.2412/19, и на кој со штембил за извршност, констатирал дека нотарската исправа е извршна на ден 26.2.2020 година. Според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, ваквото постапување на нотарот е во согласност со членот 53 став (5) од Закон за нотаријатот, според кој нотарот кој составил нотарскиот акт или ја потврдил (солемнизирал) приватната исправа ќе стави потврда на извршност на исправата, по писмено барање на доверителот, кон која е приложена неговата заверена изјава од нотар дека под морална, материјална и кривична одговорност, побарувањето или дел од него доспеало. Потврдата за извршност на нотарската исправа нотарот ја става врз основа на изготвена посебна потврда за целосна или делумна извршност на нотарската исправа, а според став (7) во случај на спор за исполнување на условот или настапување на рокот за извршност на нотарската исправа одлучува надлежниот суд во парнична постапка. Во конкретниов случај, доверителот писменото барање до нотарот го доставил на ден 26.2.2020 година, заедно со писмена изјава на која потписот е заверен под УЗП бр.1234/2020 од 26.2.2020 година, а нотарот потврдата на извршност ја составил со посебна нотарска исправа ОДУ бр.2412/2019/1 од 26.2.2020 година. Бидејќи при издавањето на потврдата за извршност нотарот единствено се раководи со наведените акти кои ги доставува доверителот, каков што е конкретниов случај, не постоеле никаква законска причина истиот да постапи во согласнот со членот 30 став (2) од Законот за нотаријатот, односно да одбие преземање на службено нотарско дејствие за издавање на потврда на извршност, како што тоа, инаку, се наведува во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка. При тоа, неспорен е фактот дека потврдата на извршност е ставена пред склучување на Анекс бр.1 за регулирање на должничко-доверителски со спогодба за раскинување на договорните односи од 6.3.2020 година и склучениот Преддоговор за купопродажба на недвижен имот со истата дата. Постапувањето на нотарот, исто така, не може да се доведе во врска со членот 42 став (3) од Законот за нотаријатот, на кој се укажува во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, бидејќи со наведената законска одредба се уредува прашањето на исправки и дополнувања на нотарски исправи, што не е конкретниов случај.

Поради наведеното  изнесената одбрана на нотарот се јавува како основана, од што следува заклучок дека нотарот не ја сторил дисциплинската повреда од член 140 став  (1) алинеја 1)  од Законот за нотаријатот – “повреда на должноста утврдена со закон со што се загрозува довербата на непристрасност на нотарот во исправите кои ги составува, особено ако презема службено дејствие за работа за која според закон не е дозволена“, а на која се укажува во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка.

Нотарот при вршење на нотарската служба  на ден 6.3.2020г., под УЗП бр. 2481/2020, заверил Преддоговор за купопродажба на недвижен имот, склучен меѓу ДД , како продавач, и СФД, како купувач,  и истиот на ден 24.04.2020 година  го прибележил во листот за предбележување на градба број 59164 КО Центар 2 на Агенцијата за катастар на недвижности, за што е издадена потврда за запишување на промени во катастарот на недвижности бр.11-2786/2020 од 24.4.2020 година, издадена од страна  Агенцијата за катастар на недвижности. Прибележувањето е извршено на ден 24.4.2020 година кога од страна на учесникот ДД П, се подмирени трошоците кои се уплатуват во полза на Агенцијата за катастар на недвижности, бидејќи до наведената дата, согласно со члениот 153 став (7) од Законот за нотаријатот, нотарот немал обврска да презема службени нотарски дејствија. Постапувајќи на наведениот начин, нотарот постапувал  во согласност со членот 99 став (3) од Законот за нотаријатот, членот 173 став (2) алинеја 5) од Законот за катастар на недвижности и членот 7 став (2) од Преддоговорот за купопродажба на недвижен имот, склучен на ден  6.3.2020 година, со кој е определено дека договорот ќе се прибележи во листот на прибележување, а на што нотарот основано укажува во изнесената одбрана. Од тука следува заклучок дека нотарот не постапувал спротивно на членот 173 став (2) од Законот за катастар на недвижности, на кој се укажува во предлогот за поведување на дисицплинска постапка, па на таков начин да сторил дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја 12)  од Законот за нотаријатот – „непридржување кон законските одредби од кои зависи важноста на нотарската исправа“.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на решението согласно член 33 став (1) точка 1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРСМ.

**Претседател на советот**
**Весна Дончева**

ПРАВНА ПОУКА: против решението може да се изјави жалба до второстепениот дисциплински орган  во рок од 8 дена по приемот на истото;

ДН:  Нотарот;
Архивата;
По конечноста до Министерство за правда;